# З А П И С Н И К
## Од Педесет и седмата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 31.08.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Педесет и седмата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Ивана Ефремовски, Миле Гроздоноски, Марјан Велевски, Лазо Трпков и Маја Седрак,***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Владимир Палашевски, Томислав Кежаровски и Бурим Рамадани.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски.***

Педесет и седмата седница на Програмскиот совет започна во 11:05 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и седмата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Информација за текот на подготовката на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година**
2. **Информација и презентација на проектот „EBU Transformation“ и планираните активности во рамките на проектот**
3. **Информација за судска постапка во врска со изборот на Заменик на директор на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Пред да се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред, директорот на МРТ, Зоран Ристоски, информираше дека на следната седница ќе даде осврт на преземените активности и ќе ги презентира програмските планови за претстојниот период.

### Точка 1. Информација за текот на подготовката на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година

Претседателот Давор Пашоски ја отвори првата точка од Дневниот ред и истакна дека на 55-та седница, одржана на 29 јули, Програмскиот совет ја започна постапката за подготовка и донесување на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година и донесе Заклучок, кој беше доставен до директорот на МРТ. Со Заклучокот беше утврдена рамката за

понатамошната подготовка на Годишната програма, вклучително и координацијата на активностите на програмските сервиси, организационите единици и стручните служби, утврдувањето на временската динамика и роковите, како и обврската директорот да го информира Програмскиот совет за реализацијата на предвидените активности.
Во рамките на оваа точка, од Директорот беше побарано да го информира Програмскиот совет за досега преземените активности, текот на подготовката, како и за временската рамка во која се очекува првата работна верзија на Годишната програма да биде доставена до Советот.
Претседателот потсети на неколку суштински очекувања на Советот што беа утврдени и во дискусијата на 55-та седница.
Програмата за 2027 година треба да биде поконкретна, посодржајна и развојно ориентирана, со јасно определени програмски приоритети, активности и резултати чија реализација ќе може да се следи во текот на годината.
Воедно, беше посочено дека Програмата треба да биде поставена врз современ концепт, следејќи ги позитивните пракси на европските јавни медиумски сервиси, членки на ЕБУ, и да биде приспособена на потребите на МРТ.
Беше нагласено дека посебен акцент треба да се стави на зајакнувањето на сопствената продукција и поефикасното користење на сопствените кадровски, технички, продукциски и креативни капацитети, во соодветен баланс со квалитетни содржини обезбедени преку независни продукции и други форми на програмска соработка. Ова беше една од клучните насоки утврдени на претходната седница.
Истовремено, програмските приоритети треба да бидат реално поврзани со финансиското планирање за 2027 година, а Програмата да овозможи и поголема мерливост на планираните активности и резултати. Беше посочено дека Програмата треба да ја одрази и потребата од современа, разновидна и креативна програмска понуда, како и понатамошната трансформација на МРТ кон мултиплатформски јавен медиумски сервис. Овие прашања беа посебно потенцирани и во дискусијата на претходната седница.
Во подготовката на Годишната програма клучна улога имаат одговорните уредници во делот на програмските сервиси за кои се надлежни, односно во дефинирањето и разработката на програмските содржини, приоритети и активности за 2027 година.
Претседателот нагласи дека навременото доставување на првата работна верзија е особено важно за да се обезбеди доволно време за понатамошно разгледување на документот и за спроведување на јавната расправа во законски предвидениот рок од 30 дена, а потоа и за финализирање и усвојување на Годишната програма со Финансискиот план за 2027 година, имајќи го предвид законскиот рок за доставување на овој документ до Собранието најдоцна до 30 октомври.

Претседателот посочи дека, по завршувањето на јавната расправа, а пред финализирањето на Годишната програма, Советот ќе одржи посебна седница со одговорните уредници, на

која тие ќе ги презентираат програмските делови од своите сервиси и ќе информираат за разгледувањето на забелешките и предлозите пристигнати во текот на јавната расправа. Во рамките на истата седница, членовите на Програмскиот совет ќе имаат можност да ги изнесат своите согледувања, забелешки и предлози во однос на програмските делови и Програмата во целина.

На тој начин, пред конечната верзија да биде ставена на усвојување, ќе се обезбеди непосредна и суштинска дискусија меѓу Програмскиот совет и одговорните уредници, во која ќе бидат разгледани резултатите од јавната расправа, како и согледувањата и предлозите на членовите на Советот, со цел тие соодветно да бидат земени предвид при финализирањето на Годишната програма.

Директорот на МРТ Зоран Ристоски зема збор и истакна дека одговорните уредници веќе работат на изготвување на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година и дека таа ќе биде концепциски поразлична од досегашните програми за работа. Тој посочи дека Програмата за 2027 година ќе биде реална и конкретна, со активности планирани во согласност со финансиските можности на МРТ. Во однос на временската динамика, Директорот информираше дека работната верзија на Годишната програма се очекува да биде подготвена во периодот околу средината на септември, при што, имајќи ја предвид понатамошната постапка и роковите за нејзино разгледување, како целен рок за доставување до Програмскиот совет беше посочен 15 септември 2026 година.

Претседателот Давор Пашоски констатираше дека Програмскиот совет се запозна со текот на подготовката на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година и со планираната динамика за понатамошните активности, како и дека, согласно информацијата на директорот, првата работна верзија на Годишната програма се очекува да биде доставена до Програмскиот совет најдоцна до 15 септември.

По нејзиното разгледување Советот ќе продолжи со понатамошните активности согласно предвидената постапка и законските рокови, вклучително и јавната расправа во траење од 30 дена, а по нејзиното завршување ќе одржат и седница со одговорните уредници пред финализирањето на Годишната програма.

**Точка 2. Информација и презентација на проектот „EBU Transformation“ и планираните активности во рамките на проектот**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори втората точка од Дневниот ред - Информација и презентација на проектот „EBU Transformation“ и планираните активности во рамките на проектот.

Тој накратко информираше за проектот што МРТ го започна во соработка со Европската радиодифузна унија (ЕБУ), а кој е насочен кон сеопфатна проценка на актуелната состојба во

МРТ и утврдување на приоритетните области за нејзина понатамошна трансформација и развој.

Пашоски објасни дека иницијативата за воспоставување на оваа соработка со ЕБУ ја покренал имајќи ја предвид потребата од подготовка на новиот петгодишен Стратешки план на МРТ за периодот 2026–2030 година. Притоа, посочи дека пред дефинирањето на долгорочните развојни приоритети е важно да се обезбеди независна стручна проценка на актуелната состојба, да се идентификуваат клучните предизвици и потенцијали и да се добијат препораки засновани и на искуствата и практиките на другите европски јавни медиумски сервиси.

Токму во таа насока е конципиран и проектот. Тој предвидува проценка на организациските, уредувачките, технолошките и оперативните аспекти на работењето на МРТ, идентификување на клучните предности, ограничувања и можности за развој, како и споредбена анализа со релевантни практики на членките на ЕБУ.

Како краен резултат се очекува да се добие сеопфатна проценка на моменталната состојба, конкретни и приоритизирани стратешки препораки и патоказ за трансформација, кој ќе ги опфати непосредните, среднорочните и подолгорочните приоритети за развој на МРТ.

Претседателот напомена дека особено важно е што овој документ нема да претставува само анализа на постојната состојба, туку треба да биде значајна стручна и аналитичка подлога во процесот на подготовка на новиот петгодишен Стратешки план на МРТ.

Тој информираше дека во однос на досегашните активности, на 27 август претставник на ЕБУ престојуваше во МРТ и оствари повеќе работни средби со претставници на различни сегменти од институцијата, со цел првично запознавање со состојбите, процесите и организацијата на работата.

Следната значајна фаза е предвидена кон крајот на септември, кога во МРТ треба да престојува експертски тим на ЕБУ. Во рамките на таа посета ќе следуваат подетални работни средби и интервјуа со раководните, уредувачките, техничките и другите релевантни структури, како дел од предвидената сеопфатна проценка на состојбата на лице место.

Проектот е предвидено да заврши до крајот на октомври, а согласно планираната динамика, целта е анализата и препораките да бидат на располагање навремено за да можат да бидат искористени во процесот на подготовка на Стратешкиот план.

Пашоски истакна дека ова е значаен процес за МРТ, бидејќи дава можност идните стратешки определби да не се поставуваат само врз основа на внатрешните согледувања, туку и врз основа на независна експертска анализа, споредбени искуства и конкретни препораки од ЕБУ.

Секако, конечните стратешки определби ќе ги утврдува МРТ преку своите надлежни органи, при што се очекува резултатите од проектот да претставуваат значаен придонес и стручна подлога во тој процес.

Беким Лачи зема збор и праша кога би била готова анализата која ја изготвува ЕБУ во врска со препораките за трансформација на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски одговори дека анализата се очекува да биде завршена кон крајот на октомври. Воедно, информираше дека при првата посета на претставникот на ЕБУ на МРТ биле остварени повеќе работни средби со претставници на различни сегменти од институцијата, со цел првично запознавање со состојбите, процесите и организацијата на работата. Тој посочи дека анализата ќе опфати повеќе аспекти од функционирањето на МРТ и ќе содржи препораки за нејзината понатамошна трансформација и развој како Јавен сервис.

Маја Седрак зема збор и укажа на потребата дигитализацијата на архивата на МРТ да биде третирана како еден од приоритетните процеси во претстојниот период. Таа нагласи дека со реализацијата на овој процес треба да се започне без натамошно одложување, имајќи го предвид значењето на архивскиот материјал и потребата од негово долгорочно зачувување.

Миле Грозданоски се надоврза на излагањето и ја нагласи итноста од започнување на процесот на дигитализација, посочувајќи дека натамошното одложување може да доведе до оштетување или трајно губење на дел од архивскиот материјал содржан на постарите носачи. Оттука, тој истакна дека е потребно што поскоро да се пристапи кон систематска дигитализација на архивата. Во продолжение, Грозданоски постави прашање и за улогата на ЕБУ во рамките на проектот, односно дали таа опфаќа и прашања поврзани со создавањето и емитувањето на програмските содржини.

Претседателот Давор Пашоски појасни дека улогата на ЕБУ во рамките на проектот е советодавна и експертска и дека, врз основа на спроведената анализа, ќе бидат дадени соодветни препораки и предлози за понатамошниот развој и трансформација на МРТ. Притоа, нагласи дека ЕБУ не одлучува за програмските содржини и уредувачките прашања на МРТ, кои остануваат во надлежност на соодветните органи и уредувачки структури на Јавниот сервис.

Маја Седрак се надоврза на дискусијата и го поздрави ангажманот на ЕБУ во изготвувањето на анализата, оценувајќи дека конкретните стратешки препораки, експертските согледувања и релевантните европски стандарди можат да претставуваат значаен придонес и важна стручна основа за понатамошниот развој и трансформација на МРТ. Таа посочи дека ваквата анализа има вредност за идното стратешко планирање на Јавниот сервис, независно од тоа во кој обем сите препораки ќе можат непосредно да бидат имплементирани.

Марјан Велевски зема збор и во рамките на своето излагање го отвори и прашањето за уредувањето на работните обврски и одговорноста на вработените во МРТ. Тој посочи дека, при подготовката и усвојувањето на интерните акти и правилници, треба соодветно да се уредат и прашањата поврзани со одговорноста за навремено и професионално извршување

на работните задачи, како и постапувањето во случаи на неизвршување на конкретно утврдени обврски и рокови. Во таа насока, се осврна и на потребата од јасно регулирање на дисциплинската одговорност во ситуации кога постои сомнеж дека користењето отсуство од работа може да биде поврзано со избегнување на извршувањето на конкретно определена работна задача.

Претседателот Давор Пашоски се надоврза и посочи дека прашањата поврзани со професионалното однесување, одговорноста и односот на вработените кон работните обврски веќе се опфатени со Етичкиот кодекс на МРТ, кој утврдува соодветни права, обврски и стандарди на постапување. Тој нагласи дека во вакви ситуации е важно доследно да се применуваат постојните интерни акти и утврдените правила, а евентуалната потреба од нивно дополнително прецизирање или унапредување да се разгледува од страна на надлежните органи и структури на МРТ, секој во рамките на своите надлежности.

Со тоа беше заокружена дискусијата, при што беше истакнато значењето на проектот „EBU Transformation" како можност за независно и стручно согледување на актуелната состојба во МРТ и за добивање конкретни препораки за нејзиниот понатамошен развој и трансформација.

Програмскиот совет констатираше дека е информиран за целите, досегашните активности и планираната динамика на проектот, како и дека ќе биде дополнително запознаен со резултатите од анализата и препораките на ЕБУ по нивното финализирање.

**Точка 3. Информација за судска постапка во врска со изборот на Заменик на директор на МРТ**

Претседателот ја отвори третата точка од Дневниот ред и истакна дека, во продолжение на прашањето за кое Програмскиот совет веќе расправаше по повод приговорот поднесен од Денис Шабани против Одлуката за избор на Заменик на директорот на МРТ, потребно е Советот да биде информиран и за понатамошниот правен тек на предметот.
При претходното разгледување на приговорот, Програмскиот совет утврди дека ниту Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту Статутот на МРТ предвидуваат приговор до Програмскиот совет како правен лек против Одлуката за избор на директор или заменик на директор.
Оттука, Советот не навлегуваше во материјална оценка на наводите содржани во приговорот, туку, постапувајќи во рамките на своите законски и статутарни надлежности, го отфрли приговорот како недозволен. Истовремено, беше посочено дека правната заштита против Одлуката за избор може да се остварува пред надлежниот суд.
Во меѓувреме, Денис Шабани поднел тужба до Управниот суд со која ја оспорува Одлуката на Програмскиот совет бр. 02-3997/2 од 13.07.2026 година за избор на Заменик на директорот на МРТ.

На 26 август 2026 година, МРТ ја примила Поканата на Управниот суд, У-3.бр.229/2026 од 24.08.2026 година, со која Судот ја доставува тужбата до МРТ, како тужен орган, и бара во рок од 10 дена од приемот да биде доставен одговор на тужбата со сите докази, како и списите што се однесуваат на предметот.

Со тужбата се бара поништување на Одлуката за избор, а како основи се наведуваат битни повреди на одредбите на управната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Според наводите содржани во тужбата, оспорени се прашања поврзани со исполнувањето на законските и конкурсните услови од страна на избраниот кандидат.

За застапување на МРТ во оваа судска постапка е ангажиран адвокат, кој ќе ги презема потребните процесни дејствија и ќе ги застапува правните и фактичките аргументи на МРТ пред Управниот суд. Во рамките на постапката ќе биде доставен одговор на тужбата, заедно со потребните докази и списите од постапката за избор, согласно барањето на Судот.

Претседателот посочи дека во оваа фаза Програмскиот совет не треба повторно да навлегува во поединечните тужбени наводи, имајќи предвид дека нивната правна и фактичка оценка е предмет на судската постапка.

Од аспект на Програмскиот совет, беше истакнато дека Советот останува на ставот дека при спроведувањето на постапката и донесувањето на Одлуката за избор на Заменик на директорот постапувал во рамките на своите законски и статутарни надлежности и во согласност со прописите и актите што ја уредуваат постапката за избор, вклучително и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот на МРТ, условите утврдени во јавниот конкурс и релевантните интерни акти на МРТ.

Истовремено, имајќи предвид дека Одлуката е предмет на судска постапка која е во тек, беше нагласено дека оценката на тужбените наводи и на правните прашања покренати со тужбата, вклучително и оценката на законитоста на оспорената Одлука, е во надлежност на Управниот суд, пред кој МРТ ќе ги изнесе своите правни и фактички аргументи преку ангажираниот адвокат.

Претседателот појасни дека целта на оваа точка е Програмскиот совет да биде информиран за поведениот управен спор и за преземените активности за правно застапување на МРТ, без повторно навлегување во тужбените наводи и правните прашања за кои треба да одлучи надлежниот суд.

По исцрпувањето на Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ им се заблагодари на присутните и ја затвори Педесет и седмата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:15 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-4830/2
31.08.2026г.

______________________

Давор Пашоски